Врз основа на член 41 ставови (1), (13) и (38) од Законот за фитофармација (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 302/20, 274/22 и 129/23), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА ПЛАНОТ И ПРОГРАМАТА ЗА ОБУКИ ОД ОБЛАСТА НА ФИТОФАРМАЦИЈАТА, ФИТОМЕДИЦИНАТА И ОДРЖЛИВАТА УПОТРЕБА НА ФИТОФАРМАЦЕВТСКИТЕ ПРОИЗВОДИ, ЗА ПРОГРАМАТА ЗА ПОЛАГАЊЕ НА ИСПИТОТ ЗА ПРОФЕСИОНАЛЕН КОРИСНИК, ДИСТРИБУТЕР ИЛИ СОВЕТНИК, КАКО И ЗА НАЧИНОТ НА БОДУВАЊЕТО НА ПРВИОТ И ВТОРИОТ ДЕЛ ОД ИСПИТОТ (*)

Член 1

Со овој правилник се пропишува планот и програмата за обуки од областа на фитофармацијата, фитомедицината и одржливата употреба на фитофармацевтските производи, за програмата за полагање на испитот за професионален корисник, дистрибутер или советник, како и за начинот на бодувањето на првиот и вториот дел од испитот.

Член 2

(1) Обуките од областа на фитофармацијата, фитомедицината и одржливата употреба на фитофармацевтските производи се спроведуваат по програма на тематски единици, како и минимален број на часови согласно следниот план:

---

(*)Со овој правилник се врши усогласување со Директивата 2009/128/ЕЗ на Европскиот парламент и Советот од 21 октомври 2009 година за воспоставување рамка за дејствување на Заедницата за да се постигне одржлива употреба на пестициди (CELEX бр. 32009L0128).

| Категорија | Програма за обуки од областа на фитофармацијата, фитомедицината и одржливата употреба на фитофармацевтските производи (тематски единици) | Број на часови на обука | |
|---|---|---|---|
| | | **Број на часови за основна обука од областа на фитофармацијата, фитомедицината и одржливата употреба на фитофармацевтските производи** | **Број на часови за обука за обновување на знаењето од областа на фитофармацијата, фитомедицината и одржливата употреба на фитофармацевтските производи** |
| Професионален корисник | 1. Законодавство во областа на фитофармацијата, фитомедицината и одржливата употреба на фитофармацевтските производи. | 1 | 1 |
| Советник | | 2 | 1 |
| Дистрибутер | | 2 | 1 |
| Професионален корисник | 2. Постоењето и ризиците од нелегалните (фалсификувани) фитофармацевтски производи за заштита на растенијата и методите за откривање на таквите производи. | 1 | 1 |
| Советник | | 2 | 1 |
| Дистрибутер | | 3 | 1 |
| Професионален корисник | 3. Опасностите и ризиците поврзани со фитофармацевтските производи, нивно препознавање и контролирање, а особено:<br>а) ризиците за луѓето (оператори, жители, луѓе кои живеат во близина на третирање со фитофармацевтски производи, луѓе кои влегуваат во прскани области и оние кои ракуваат со опрема, берат, жнеат или јадат прскани производи), како и дополнителни фактори кои ги влошуваат овие ризици,<br>б) симптоми на труење со фитофармацевтски производи и мерки за прва помош и<br>в) ризици за нецелните растенија, дивиот растителен свет, биолошката разновидност и воопшто животната средина. | 4 | 1 |
| Советник | | 4 | 1 |
| Дистрибутер | | 4 | 1 |
| Професионален корисник | 4. Стратегиите и техниките за интегрираното управување со штетни организми, стратегиите и техниките за интегрирано управување со растителните култури, принципи на органско земјоделство, методи за биолошка контрола на штетниците, информации за основните принципи и растителните култури или специфичните секторски насоки за интегрирано управување со штетниците. | 2 | 2 |
| Советник | | 8 | 2 |
| Дистрибутер | | 4 | 2 |
| Професионален корисник | 5. Компаративно проценување за да се направи најповолниот избор на фитофармацевтски производ со најмали несакани дејства врз човековото здравје, нецелните организми и животната средина од сите дозволени производи за определен штетник во конкретна ситуација. | 2 | 1 |
| Советник | | 2 | 1 |
| Дистрибутер | | 2 | 1 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Професионален корисник | 6. Мерки за минимизирање на ризиците за луѓето, нецелните организми и животната средина: практики за безбедно работење при чување, ракување и мешање на фитофармацевтски производи и изложување на празна амбалажа, други контаминирани материјали и вишок фитофармацевтски производи (вклучувајќи ги мешавините во резервоарите), било да се во концентрирана или разредена состојба; препорачан начин на контролирање на изложеноста на операторот (опрема за лична заштита). | 1 | 1 |
| Советник | | 4 | 1 |
| Дистрибутер | | 2 | 1 |
| Професионален корисник | 7. Пристапи базирани на ризик со кои се внимава на варијаблите за локално прочистување на водата како што се климата, почвата и видовите растителни култури и истекување. | 1 | 1 |
| Советник | | 2 | 1 |
| Дистрибутер | | 1 | 1 |
| Професионален корисник | 8. Постапки за подготовка за користење на опремата за апликација на фитофармацевтските производи, вклучувајќи и калибрација, за нејзино работење со минимален ризик во однос на корисникот, другите луѓе, нецелните животни и растителните видови, биолошката разновидност и животната средина, вклучувајќи ги и водените ресурси. | 4 | 2 |
| Советник | | 6 | 2 |
| Дистрибутер | | 3 | 2 |
| Професионален корисник | 9. Користењето и одржувањето на опремата за апликација на фитофармацевтски производи, посебните техники на прскање (на пр. прскање со мал обем и прскалици со мало распрскување), целите за техничка проверка на распрскувачите кои се употребуваат и начините за подобрување на квалитетот на прскање, како и посебните ризици кои произлегуваат од опремата за рачно нанесување на фитофармацевтски производи или грбните прскалки и релевантните мерки за справување со ризиците. | 2 | 1 |
| Советник | | 2 | 1 |
| Дистрибутер | | 2 | 1 |
| Професионален корисник | 10. Прва помош за заштита на човековото здравје, животната средина, вклучувајќи ги водените ресурси во случај на ненадејно истекување и контаминација и екстремни временски услови кои ќе резултираат со ризик од протекување на фитофармацевтските производи. | 3 | 1 |
| Советник | | 3 | 1 |
| Дистрибутер | | 3 | 1 |
| Професионален корисник | 11.Посебна грижа во заштитените региони на изворите за вода за пиење. | 1 | 1 |
| Советник | | 2 | 1 |
| Дистрибутер | | 1 | 1 |
| Професионален корисник | 12.Следење на здравствената состојба во државата, собирање на статистики за инциденти и опис на инцидентите кои се доставуваат до Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за токсикологија за какви било инциденти од труења или можни сомненија за труења. | 1 | 1 |
| Советник | | 1 | 1 |
| Дистрибутер | | 1 | 1 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Професионален корисник | 13.Водење евиденција за секоја употреба на фитофармацевтски производ во согласност со законодавството на Република Северна Македонија. | 2 | 1 |
| Советник | | 2 | 1 |
| Дистрибутер | | 2 | 1 |
| Професионален корисник | 14.Ентомологија | 3 | 3 |
| Советник | | 10 | 3 |
| Дистрибутер | | 10 | 3 |
| Професионален корисник | 15.Фитопатологија | 3 | 3 |
| Советник | | 10 | 3 |
| Дистрибутер | | 10 | 3 |
| Професионален корисник | 16.Фитофармација и хемија | 5 | 2 |
| Советник | | 10 | 3 |
| Дистрибутер | | 10 | 3 |
| Професионален корисник | 17.Физиологија на растенија | 4 | 2 |
| Советник | | 10 | 3 |
| Дистрибутер | | 10 | 3 |
| **Професионален корисник** | **ВКУПНО** | **40** | **25** |
| **Советник** | | **80** | **25** |
| **Дистрибутер** | | **70** | **25** |

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, лице кое има ниво на квалификации VI А според Македонската рамка на квалификации или најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен, од областа на земјоделските науки и има стекнато најмалку звање дипломиран земјоделски инженер не треба да ги посетува тематските единици под реден број 14, 15, 16 и 17 од Програмата за обука од областа на фитофармацијата, фитомедицината и одржливата употреба на фитофармацевтски производи, доколку согласно наставниот план и програма за стекнато звање дипломиран земјоделски инженер има посетувано настава и има положено испит од овие тематски единици.

Член 3

Програмата за полагање на испитот за професионален корисник, дистрибутер или советник ги содржи следните прописи и градиво:

1) Закон за фитофармација (*), консолидирана верзија објавена на www.mzsv.gov.mk;

2) Закон за управување со пакување и отпад од пакување (*), консолидирана верзија објавена на www.mzsv.gov.mk;

3)) Закон за хемикалии, консолидирана верзија објавена на www.mzsv.gov.mk;

4) Прирачник за обука на советник, дистрибутери и професионални корисници за одржлива употреба на фитофармацевтски производи, издание Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, интерен прирачник објавен на www.mzsv.gov.mk;

5) Прирачник за контролен преглед на машините и опремата за апликација на пестициди, издание Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, интерен прирачник објавен на www.mzsv.gov.mk;

6) Прирачник за општа фитофармација, издание Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, интерен прирачник објавен на
www.mzsv.gov.mk;

7) Прирачник за земјоделци ГЛОБАЛГАП Верзија 4.0, интерен прирачник објавен на www.mzsv.gov.mk;

8) Интегрална заштита на винова лоза, пиперка и домат од позначајните штетници и болести во Северна Македонија, издание на FAO од поддршка за одобрување на националниот надзор на штетници кај растенија и системот за фитосанитарна сертификација (TCP/RER/3705);

9) Општа енотомологија, д-р Душан Спасов и м-р Биљана Атанасова, издавач Универзитет Гоце Делчев Штип 2012 година;

10) Земјоделска фитопатологија (општ дел), д-р Филип Пејчиновски и д-р Саша Митрев, издавач Јавна научна установа Институт за јужни земјоделски култури - Струмица, 2007 година и

11) Раст и развој кај растенијата, Џејмс Д Мецгер, извадок од Наука за растенијата, раст, развој и примена на култивираните растенија –Тетово 2007 година, објавен на www.mzsv.gov.mk.

Член 4

Во зависност од тежината на прашањата, бодувањето на првиот и вториот дел од испитот за професионален корисник, дистрибутер или советник се врши на следниот начин:

1) Одговорите на прашањата од првиот дел (стручен дел) се бодуваат на следниот начин:
- за точен одговор од 2 до 5 бода;
- за сличен одговор во голем обем од 1 до 2 бода;
- за сличен одговор во мал обем од 0 до 1 бод;
- за неточен одговор во мал обем од -0,5 до 0 бод и
- за неточен одговор во голем обем од -1 до -0,5 бод и

2) Одговорите на прашањата од вториот дел (студија на случај) се бодуваат на следниот начин:
- за точен одговор од 3 до 5 бода;
- за сличен одговор во голем обем од 1 до 3 бода;
- за сличен одговор во мал обем од 0,5 до 1 бод;
- за неточен одговор во мал обем од -1 до 0,5 бод и
- за неточен одговор во голем обем од -3 до -1 бод.

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 104-320/2
29 декември 2023 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
**Љупчо Николовски,** с.р.